# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Со оваа Политика за приватност сакаме да ве известиме за обработката на вашите лични податоци. Во продолжение ќе најдете, меѓу другото, информации за тоа како и зошто ги обработуваме вашите лични податоци и кои права ги имате во тој поглед.

## СОДРЖИНА НА ОВАА ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Со оваа Политика за приватност ве известуваме за обработката на вашите лични податоци коишто ги собираме во врска со посетата и користењето на нашата интернет страница.

Исто така, доколку сте купувач на производи на STIHL, во оваа Политика за приватност (а пред се, во Делот 5 од оваа Политика за приватност) можете поблиску да се запознаете со тоа како и зошто СТИХЛ д.о.о. Белград Подружница во Република Северна Македонија ги обработува вашите лични податоци во овој контекст.

За да ви овозможиме полесно да ги најдете информациите што ви се важни, ја поделивме Политиката за приватност на неколку дела:


- **1. Контролор и лице за заштита на личните податоци**
- **2. Општи информации за обработката на вашите лични податоци**
- **3. Посета на нашата интернет страница**
- **4. Користење на нашата интернет страница и нашите услуги**
- **5. Обработка на вашите лични податоци во контекст на купување на производи на STIHL**
- **6. Рекламирање и корисничко искуство**
- **7. Период на чување**
- **8. Кој ги прима вашите лични податоци**
- **9. Пренос на вашите лични податоци во Северна Македонија и надвор од неа**
- **10. Вашите права и остварување на вашите права**
- **11. Измени на оваа Политика за приватност**


Во оваа Политика за приватност наведуваме информации во согласност со барањата на Општата регулатива на ЕУ за заштита на лични податоци („ОРЗП“, Регулатива (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот). Исто така, се придржуваме до барањата на другите национални закони за заштита на личните податоци кои се однесуваат на нивната обработка, а во Северна Македонија тоа е Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020 и 294/2021; „Закон”).

# 1 КОНТРОЛОР И ЛИЦЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## 1.1 КОНТРОЛОР

Според прописите за заштита на личните податоци, контролорот ќе ги утврди целите и начините на обработка на вашите лични податоци и ќе обезбеди усогласеност со барањата на законодавството за заштита на личните податоци. Во случај кога два или повеќе контролори заеднички ги одредуваат целите и методите на обработка, тие контролори ќе бидат заеднички одговорни за обработката, тоа се т.н. заеднички контролори.

Контролорот кој е одговорен за обработка на вашите лични податоци во врска со оваа интернет страница е:

СТИХЛ д.о.о. Белград Подружница во Република Северна Македонија
**Адреса за прием на пошта:** ул. Ѓорче Петров бр. 1, порта Влае Б 1 локал 4 Скопје, Република Северна Македонија
**Е-пошта:** office@stihl.rs
**Матичен број: 7811845**

СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија, како давател на гаранцијата за одредени STIHL производи и увозник на производите на STIHL, е контролор кој е одговорен и за обработка на одредени ваши лични податоци во контекстот на купување на производите на STIHL во специјализирани продавници на STIHL, како што е понатаму детално објаснето во текстот на оваа Политика за приватност (погледнете го особено дел 5). Покрај СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија и независно од неа, паралелен контролор на личните податоци на купувачот може да биде и специјализиран продавач на производи на STIHL кај кого купувачот го има купено производот, а кој ги обработува личните податоци на купувачот независно од СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија и кој е во целост самостојно одговорен за законита обработка на вашите лични податоци. Специјализираниот продавач на производите на STIHL посебно го известува купувачот за специфичностите на обработката која ја врши во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци, за што купувачот може да добие повеќе информации на продажното место на продавачот или на друг начин предвиден од страна на специјализираниот продавач.

За дополнителни информации, слободно контактирајте нѐ во секое време преку деталите за контакт наведени погоре.

## 1.2 ЛИЦЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Можете да го контактирате нашето овластено лице за заштита на лични податоци така што ќе испратите пошта на адресата на контролорот со назнака „до

овластеното лице за заштита на лични податоци“ или така што ќе испратите е-пошта на следнава адреса: office@stihl.rs

# 2 ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБРАБОТКАТА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

## 2.1 ОБРАБОТКА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Кога го користиме изразот „лични податоци“ во оваа Политика за приватност, мислиме на сите информации што се однесуваат на вас.

Примерите за лични податоци ги вклучуваат вашето име, вашата е-пошта и адресата за прием на пошта. Меѓутоа, вашите лични податоци ги вклучуваат сите податоци што се поврзани со вас или што се однесуваат на вас. Податоците коишто не се однесуваат на вас ги нарекуваме „нелични податоци“ или „анонимни податоци“. Правилата за заштита на личните податоци и оваа Политика за приватност не важат за таквите податоци.

Под обработка на вашите лични податоци, подразбираме, на пример, нивно собирање, складирање или бришење.

## 2.2 ПРЕГЛЕД НА ПРАВНАТА ОСНОВА ЗА ОБРАБОТКА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Ги обработуваме вашите лични податоци само ако можеме обработката да ја темелиме на правна основа или, пак, ако таа е законска според важечкиот закон за заштита на личните податоци, т.е. ако обработката е законита. Во рамките на Законот, најголемиот дел од обработката на вашите лични податоци се темели на следнава правна основа:

- Обработката на вашите лични податоци е неопходна за исполнување на договорот склучен со вас или за преземање активности, на ваше барање, пред склучувањето на договорот (член 10, став (1), алинеја 2 од Законот).
- Сте се согласиле на обработка на вашите лични податоци за една или повеќе конкретни цели (член 10, став (1), алинеја 1 од Законот).
- Обработката на вашите лични податоци е неопходна за исполнување на нашите законски обврски (член 10, став (1), алинеја 3 од Законот).
- Обработката е неопходна за да ги оствариме нашите легитимни интереси како контролор или легитимните интереси на некоја трета страна, освен ако таквите интереси не преовладуваат над вашите интереси или основни права и слободи за кои е потребна заштита на личните податоци (член 10, став (1), алинеја 6 од Законот).

Дополнителни информации за тоа на кои правни основи се темелат одредени дејствија за обработка или според кое законодавство за заштита на лични податоци е дозволена обработката се дадени во продолжение во оваа Политика за приватност.

## 2.3 КОИ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ГИ СОБИРАМЕ ОД ВАС

Ги обработуваме личните податоци што ни ги давате, што ги собираме (автоматски) или што ги добиваме од трети страни, вклучувајќи на пример, од нашите специјализирани продавачи.

Во принцип, не сте обврзани да ни ги давате вашите лични податоци. Меѓутоа, откривањето на одредени лични податоци може да биде неопходно за да ви понудиме и обезбедиме пристап до интернет страницата и до сите нејзини функции, односно да ви овозможиме да ги остварите вашите права за да можеме и ние да ги исполниме нашите обврски од и/или во врска со договорот за купопродажба на нашите производи (на пр. правата и обврските за дадената гаранција за производот).

**Лични податоци што ни ги давате**

Ги обработуваме личните податоци што ни ги давате. На пример, да речеме дека ни се јавувате или нè контактирате на некој алтернативен начин и преку тие средства ни давате одредени информации. Овие податоци ги собираме и обработуваме за да ви овозможиме да ја користите нашата интернет страница и/или како би ви овозможиле да остварите некои од вашите права од и/или во врска со договорот за купопродажба на нашите производи. Ако не ни наведете одредени информации, тоа може да резултира со губење или намалување на способноста за користење или целосно функционирање на нашата интернет страница, односно неможност за остварување на вашите права (на пр. од гаранцијата).

**Лични податоци што ги собираме (автоматски)**

(Автоматски) собираме и обработуваме одредени податоци кога ја користите нашата интернет страница. Ова вклучува податоци како што се вашата IP-адреса, специфични податоци за пристап и податоци кои се обработуваат за да се овозможи техничка пристапност до нашата интернет страница.

**Лични податоци што ги добиваме од трети страни**

Понекогаш, податоците не ги добиваме директно од вас. Ова може да биде случај, на пример, ако трети страни ни даваат информации за вас. На пример, соработуваме со компании коишто обезбедуваат услуги за нас и ни даваат информации за вас. Слично на ова, СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија ги обработува личните податоци на купувачот, кои купувачот му ги дава на специјализираниот продавач при купување на производите на STIHL, пред се за да му се овозможи остварување на правата и обврските од и/или во врска со договорот за купопродажба на нашите производи (на пр. правата и обврските од дадената гаранција за производот), извршување на законската обврска и остварување на одредени легитимни интереси на СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија.

# 3 ПОСЕТА НА НАШАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА

Кога ја посетувате нашата интернет страница, прелистувачот што го користите на вашиот уред автоматски испраќа информации до серверот на нашата интернет страница и привремено ги складира во датотека за евиденција.

Ако сакате да дознаете повеќе за колачињата што ги користиме на нашата интернет страница, кликнете овде.

**Категории на лични податоци**

При посета на интернет страницата се обработуваат следниве податоци:

- Вашата IP-адреса
- Датумот и часот кога сте пристапиле
- Насловот и URL-адресите на преземените датотеки
- Интернет страницата/апликацијата преку која сте пристапиле (URL-упатување)
- Прелистувачот што го користите и, доколку е применливо, оперативниот систем на уредот од кој пристапувате до нашата интернет страница, како и името на вашиот давател на пристап

**Цел**

Вашите лични податоци се обработуваат за следниве цели:

- Осигурување непречена врска
- Обезбедување лесно користење на нашата интернет страница
- Анализа на безбедноста и стабилноста на системот

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Обработката на вашите лични податоци е неопходна за да можете да ја посетите интернет страницата и за да обезбедиме перформанси, долгорочна функционалност и безбедност на нашите интернет страница и систем.
  Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (6) од Законот.

Имаме легитимен интерес да обезбедиме перформанси, долгорочна функционалност и безбедност на нашите интернет страница и систем.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

# 4 КОРИСТЕЊЕ НА НАШАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА И НАШИТЕ УСЛУГИ

## 4.1 КОНТАКТ И КОМУНИКАЦИЈА

Ако имате какви било прашања, секогаш можете да нè контактирате преку е-пошта, пошта, телефон, контакт-образец или на кој било друг начин. Ако нè контактирате, обично одговараме со користење на истите средства за комуникација што сте ги избрале.

**Категории на лични податоци**

При комуникација со вас се обработуваат следниве податоци:

- Вашите информации за контакт, како што се вашиот телефонски број или адресата за е-пошта
- Комуникацијата со вас, вклучително и снимки од телефонски разговори со вас, доколку е применливо
- Информации кои се однесуваат на вашето барање или жалба, како што е предметот на вашето барање или нашата комуникација со вас
- Податоци потребни за решавање на вашата жалба

**Цел**

Вашите лични податоци се обработуваат за следниве цели:

- За да комуницираме со вас доколку сте нè контактирале со прашања или други забелешки
- За да комуницираме со вас за други прашања освен барања и жалби, на пример за информативни цели или за исполнување законски или договорни обврски
- Ако снимаме телефонски разговори со вас, тоа го правиме заради обезбедување квалитет и за цели на обука
- За подобрување на нашата поддршка

Овие цели во продолжение заеднички се нарекуваат „поддршка“.

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Обработката на вашите лични податоци во врска со нашата поддршка е неопходна за исполнување на договорот склучен со вас или за преземање активности на ваше барање пред склучувањето на договорот. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (2) од Законот.
- Ви обезбедуваме одредени услуги за поддршка кои не се дел од вашиот постоечки договор. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (6) од Законот. Имаме легитимен интерес да ви помогнеме ако имате прашања за нашите понуди и услуги, како и да обезбедиме задоволство на нашите (сегашни и идни) корисници.
- За одредени обработки на вашите лични податоци, ќе побараме ваша согласност кога тоа е потребно во согласност со член 10 став (1) алинеја (1) од Законот.

Ова посебно се однесува на снимањето телефонски разговори.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

## 4.2 УПАТСТВА ВО ВРСКА СО ПРОИЗВОДИТЕ

Нашата интернет страница содржи алатки со упатства за нашите производи, како што е нашиот Chain-Bar-Advisor.

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со алатките со упатства за производи:

- Вашата IP-адреса
- Податоците што ги наведувате во врска со алатката со упатства за производи

**Цел**

Вашите лични податоци се обработуваат за следниве цели:

- Препорака за производ или совет за тоа како да ги користите нашите производи, врз основа на вашите спецификации во алатката со упатства за производи

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Обработката на вашите лични податоци во врска со нашите алатки со упатства за производи е неопходна за да го обработиме вашето барање пред склучување на договорот доколку имате намера да ги купите нашите производи.
  Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (2) од Законот.
- Обработката на вашите лични податоци е неопходна за да можеме да ви дадеме препорака во врска со алатката со упатства за производот. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (6) од Законот.
  Имаме легитимен интерес да ви препорачаме производ кој ви одговара или да ви дадеме совети за тоа како да ги користите нашите производи.
- За да ја користите алатката со упатства за производи, потребно е да поставиме колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 10 став (1) алинеја (1) од Законот во Центарот за поставки за приватност. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња**.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

## 4.3 БИЛТЕН

На нашата интернет страница, ви нудиме можност да се регистрирате за нашиот билтен.

Имајте предвид дека користиме т.н. процедура за двојна потврда за да се осигуриме дека сакате да ги добивате нашите билтени. Откако ќе се регистрирате за билтенот, ќе ви испратиме врска за потврда до адресата за е-пошта што сте ја навеле. Само кога ќе ги потврдите вашата адреса за е-пошта и интересот за добивање на нашиот билтен, ќе ве вклучиме во нашата листа за дистрибуција на е-пошта.

**Персонализирани билтени**

Имајте предвид дека при испраќање на билтенот, ги мериме перформансите и ја анализираме вашата шема на користење. За оваа анализа, пораките што ги испраќаме содржат таканаречени веб-точки или пиксели за следење. Тие се наоѓаат на нашите сервери и нè известуваат кога и како пристапувате до нашиот билтен. За анализа, ги поврзуваме горенаведените податоци и веб-точки со вашата адреса за е-пошта.

Можете да го оневозможите автоматското прикажување слики во вашата апликација за е-пошта за да ја ограничите обработката на податоците од нашиот билтен. Во овој случај, нема да можете да го видите билтенот во целост и можеби нема да можете да ги користите сите функции. Ако самите ги прикажете сликите, ќе се изврши горенаведеното следење.

За повеќе информации за тоа како ги обработуваме вашите лични податоци за рекламни цели и за подобрување на корисничкото искуство, видете во Дел 6, Рекламирање и корисничко искуство. Посебно сакаме да ве информираме за обработката на вашите лични податоци во врска со платформите Oracle Eloqua.

Во некои случаи, ви нудиме и можност да се регистрирате за нашиот билтен на веб-страниците на други провајдери (на пр. Facebook). Во овој случај, вашите податоци ќе ги собере овој друг провајдер и ќе ги префрли кај нас. Ова не ја менува нашата обработка на податоци, така што информациите дадени во овој дел важат и во такви констелации. Што се однесува до обработката на податоци од друг провајдер, обрнете внимание на информациите за неговата заштита на податоци.

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со дистрибуцијата на билтенот:

- Податоци како што се зачестеноста на пристапување, кога ги читате нашите билтени и на кои врски сте кликнале во билтените.
- Податоци што ги собираме за вас кога ги користите услугите на STIHL (на пример, кога купувате наши производи, кога го регистрирате својот уред или кога користите разни апликации).

**Цел**

Вашите лични податоци се обработуваат за следниве цели:

- Преку обработката на вашите лични податоци, заклучуваме кои се вашите интереси за да ви обезбедиме верзија на нашиот билтен којашто е приспособена според вашите интереси и која содржи информации за производи и услуги што се релевантни за вас.

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Вашите лични податоци се обработуваат врз основа на вашата согласност, која сте ја дале при претплатата на нашиот билтен.
Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (1) од Законот.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

## 5 ОБРАБОТКА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО КОНТЕКСТ НА КУПУВАЊЕ НА ПРОИЗВОДИ НА STIHL

СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија, како давател на гаранцијата и увозник на производите на STIHL, собира и обработува, самостојно или преку специјализирани продавачи на производи на STIHL, одредени лични податоци за купувачите на производите на STIHL. По правило, купувачот за време на купувањето на производите на STIHL, ќе достави одредени лични податоци, кои специјализираниот продавач ќе ги сподели со СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија, како давател на гаранцијата за производот (каде што е применливо) и увозникот на производите на STIHL.

Покрај СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија и независно од неа, паралелен контролор на лични податоци на купувачот може да биде и специјализираниот продавач на производи на STIHL кај кого купувачот го купил производот, а кој ги обработува личните податоци на купувачот независно од СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија и кој е во целост самостојно одговорен за законита обработка на вашите лични податоци. Специјализираниот продавач на производите на STIHL посебно ги известува купувачите за деталите за обработката која ја врши во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци, за кои купувачот може да добие повеќе податоци на продажното место на продавачот или на друг начин предвиден од страна на специјализираниот продавач.

**Категории на лични податоци**

Обработката на следните лични податоци на купувачот може да дојде во obsир во овој контекст:

- Име и презиме;
- Контакт податоци: адреса на е-пошта, број на телефон;
- Информации за купениот производ и другите производи кои ги користи купувачот, како и информации за користење на производот и корисничкото искуство на купувачот.

**Цел**

Вашите податоци во контекстот на купување на производите на STIHL ги обработуваме за следниве цели:

- исполнување на договор за купопродажба на производи кој го имате склучено, односно остварување на правата и исполнување на обврските

по дадена гаранција за производот, вклучувајќи ја и целта за овозможување на склучување на тој договор (давање на гаранција) со преземање на неопходните претходни чекори;
- почитување на правните обврски кои му се наметнати на СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија од страна на применливите прописи, вклучувајќи без ограничување и поради остварување на правата и исполнување на обврските кои произлегуваат од законската одговорност за несообразност на производот и дадената гаранција за производот;
- контактирање на купувачот заради давање на непромотивни известувања за производот (на пр. во случај на известување за потенцијални недостатоци на производот и спроведување на повлекување на производот од пазарот);
- унапредување на производот и корисничкото искуство; и
- известување на купувачите (кои имаат дадено согласност за тоа) за промотивните активности, услуги и други актуелности во однос на работењето на СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија.

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци во контекст на купување на производите на STIHL ја засноваме (во зависност од околностите на случајот за конкретната обработка) на следниве правни основи:

- неопходност на обработката заради исполнување на договор склучен со купувачот, односно за преземање н активности на ваше барање пред пристапување кон договорот врз основа на член 10 став (1) алинеја (2) од Законот, на пр. ги обработуваме вашите податоци за идентификација и контакт за да можеме да ви дадеме гаранција за производот, но и за да ви овозможиме остварување на правата по дадената гаранција;
- неопходност на обработката поради исполнување на законската обврска на СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија врз основа на член 10 став (1) алинеја (3) од Законот, на пр. можеме да ги користиме вашите контакт податоци за да ве контактираме во случај на повлекување на производ за што сме обврзани со применливите прописи, или со цел да ги исполниме своите обврски кои произлегуваат од несообразноста на производот;
- врз основ на нашите легитимни интереси и легитимните интереси на трети лица, а кои не преовладуваат над интересите или основните права и слободи на купувачот врз основа на член 10 став (1) алинеја (6) од Законот, на пр. во случај на комуницирање на известувања кои се од непромотивна природа или давање совети во врска со производите на STIHL, во случај на повлекување на производи за кои не сме законски обврзани, или во случај на обработка на податоците за производите кои ги користите и користењето на производите и вашето корисничко искуство со цел унапредување на производот и корисничкото искуство;
- врз основа на вашата изречна согласност, врз основа на член 10 став (1) алинеја (1) од Законот, дадена за време на купување на производот (или дополнително), а во поглед на известување на купувачите за промотивните активности, услуги и други актуелности во поглед на

работењето на СТИХЛ д.о.о. Белград Подружницата во Република Северна Македонија.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

# 6 РЕКЛАМИРАЊЕ И КОРИСНИЧКО ИСКУСТВО

## 6.1 КОЛАЧИЊА И СЛИЧНИ ТЕХНОЛОГИИ

На нашата интернет страница користиме технологии чија цел е да го олеснат нејзиното користење, да ја направат подостапна за корисниците и да обезбедат различни функции. Таквите технологии вклучуваат, на пример, колачиња, пиксели и скрипти. Во овој дел се наведени информации за вашите лични податоци во овој контекст.

Во нашата **Политика за колачиња** објаснуваме кои колачиња и слични технологии ги користиме на нашата интернет страница, за кои цели ги користиме и како можете да управувате со овие колачиња.

## 6.2 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА НАШАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА

**(а) Интернет анализа преку Google Analytics**

На нашата интернет страница ја користиме алатката за анализа Google Analytics. Алатката Google Analytics е обезбедена од Google, 1600 Amphitheatre Parkway, Mountain View, CA 94043, САД („Google“, заедно со други Google компании на Alphabet Inc. „Google“).

Ја користиме функцијата Google Analytics со наставката „анонимизација на IP-адреса“. Ова значи дека вашата IP-адреса ќе биде скратена пред да биде испратена до компанијата Google во Соединетите Американски Држави, така што Google нема да ја добие вашата целосна IP-адреса од нас.

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со користењето на Google Analytics:

- Вашата IP-адреса

- Уникатниот кориснички ID доделен од прелистувачот
- Шаблоните на кликнување на корисниците на интернет страницата
- Подстраниците до кои пристапува корисникот
- Видот на прелистувач, URL-адресата, резолуцијата на екранот
- Временската ознака

**Цел**

Ја користиме функцијата Google Analytics за да ја анализираме вашата употреба на интернет страницата, за да добиваме извештаи за активноста на интернет страницата и за да користиме други услуги на Google поврзани со користењето на нашата интернет страница и други активности на интернет.

Ова ќе ни овозможи постојано да ја подобруваме нашата интернет страница, нејзината достапност до корисниците и нашата понуда, приспособувајќи ги според вашите потреби и интереси.

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Вашите лични податоци се обработуваат врз основа на вашата согласност која сте ја дале во Политиката за колачиња. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (1) од Законот.
- За да се користи Google Analytics, потребно е да се поставаат колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 10 став (1) алинеја (1) од Законот во Центарот за поставки за приватност. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња**.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

**Пренос на вашите податоци надвор од Северна Македонија**

Во врска со користењето на Google Analytics, личните податоци се пренесуваат надвор од територијата на Северна Македонија и Европската економска област („ЕЕО“). За повеќе информации видете ги Деловите 8 и 9 од оваа Политика за приватност.

**Политика за приватност**

Политиката за приватност на Google Ltd. за Google Analytics можете да ја најдете овде: https://policies.google.com/privacy?hl=rs

**(б) Google reCAPTCHA**

На нашата интернет страница користиме reCAPTCHA v2. Функцијата reCAPTCHA v2 е обезбедена од Google Ireland Limited, Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска („Google Ltd“, заедно со други компании на Alphabet Inc. „Google“).

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со користењето на Google reCAPTCHA:

- Вашата IP-адреса
- Користените додатоци за прелистувач (plug-ins)
- Колачињата што ги поставила компанијата Google во последните 6 месеци
- Кликнувањата и интеракциите на оваа страница
- CSS информациите за посетената страница
- JavaScript објектите
- Датумот
- Јазикот на пребарувачот

**Цел**

Ја користиме функцијата reCAPTCHA v2 за да спречиме злоупотреба на автоматизирани записи во интернет обрасци, а со тоа ги заштитуваме техничките системи на домаќинот (eng. Host).

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Обработката на вашите лични податоци е неопходна за да се осигури функционалност и заштита на нашата интернет страница. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став(1) алинеја (6) од Законот. Имаме легитимен интерес да обезбедиме функционалност и заштита на нашата интернет страница.
- За да се користи reCAPTCHA v2, потребно е да се поставаат колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 10 став (1) алинеја (1) од Законот, за известување за колачиња. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња.**

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

**Пренос на вашите податоци надвор од Северна Македонија**

Во врска со користењето на reCAPTCHA v2, личните податоци се пренесуваат во земји надвор од територијата на Северна Македонија и ЕЕО. За повеќе информации видете ги Деловите 8 и 9 од оваа Политика за приватност.

**Политика за приватност**

Политиката за приватност на Google Ltd. за reCAPTCHA можете да ја најдете овде: https://policies.google.com/privacy?hl=rs

**(в) YouTube**

На нашата интернет страница користиме видео содржини преку YouTube. Платформата YouTube е обезбедена од Google Ireland Limited, Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска („Google Ltd“, заедно со други компании на Alphabet Inc. „Google“).

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со користењето на YouTube:

- Вашата IP-адреса
- Податоците за вашиот уред
- Пребарувачот
- Оперативниот систем
- Податоци за видео содржините што сте ги прегледале

**Цел**

Обезбедуваме врски до видео содржини преку YouTube за да ве информираме за нашите производи и понуди.

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Видео содржината се прикажува како сликичка. Google ги обработува вашите податоци само кога сте дале согласност за нивна обработка („решение со две кликнувања“). Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (1) од Законот.

- За да се користи YouTube, потребно е да се поставаат колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 10 став (1) алинеја (1) од Законот, за известување за колачиња. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња**.

### Период на чување

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

### Пренос на вашите податоци надвор од Северна Македонија

- Во врска со користењето на YouTube, личните податоци се пренесуваат во земји надвор од територијата на Северна Македонија и ЕЕО. За повеќе информации видете ги Деловите 8 и 9 од оваа Политика за приватност.

### Политика за приватност

Овде можете да ја најдете Политиката за приватност на Google за обработка на лични податоци во врска со платформата YouTube: **https://policies.google.com/privacy?hl=rs**

#### (г) Google Maps

На нашата интернет страница ги користиме мапите од Google Maps. Платформата Google Maps е обезбедена од Google Ireland Limited, Gordon House, Barrow Street, Dublin 4, Ирска („Google Ltd“, заедно со други компании на Alphabet Inc. „Google“).

### Категории на лични податоци

Следниве податоци се обработуваат во врска со користењето на Google Maps:

- Вашата IP-адреса
- Информациите за вашиот уред
- Пребарувачот
- Оперативниот систем
- Вашата локација

### Цел

Ја користиме платформата Google Maps за да поставиме карти за прикажување географски податоци.

### Правна основа

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Google ги обработува вашите податоци само кога сте дале согласност за нивна обработка („решение со два кликнувања“). Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (1) од Законот.
- За да се користи Google Maps, потребно е да се поставаат колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 10 став (1) алинеја (1) од Законот во Центарот за поставки за приватност. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња**.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

**Пренос на вашите податоци надвор од Северна Македонија**

Во врска со користењето на Google Maps, личните податоци се пренесуваат во земји надвор од територијата на Северна Македонија и ЕЕО. За повеќе информации видете ги Деловите 8 и 9 од оваа Политика за приватност

**Политика за приватност**

Овде можете да ја најдете Политиката за приватност на Google за обработка на лични податоци во врска со платформата Google Maps: **https://policies.google.com/privacy?hl=rs**

6.3 Рекламирање и профилирање (следење)

**(a) Oracle Eloqua**

Ја користиме функцијата Oracle Eloqua. Функцијата Oracle Eloqua е обезбедена од Oracle Deutschland B.V. & Co. KG, Riesstrasse 25, 80992 Minhen („Oracle”).

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со користењето на Oracle Eloqua:

- Податокот за тоа дали сте ја отвориле нашата е-порака
- Податоци за тоа на кои врски кликнувате

**Цел**

Ја користиме функцијата Oracle Eloqua за да ги персонализираме нашите е-пораки и за да одредиме дали сте ги отвориле нашите е-пораки, а особено нашите билтени, како и за да видиме на кои врски во нашите е-пораки сте кликнале. Ги користиме овие податоци за да ги подобриме нашите е-пораки, понуди и услуги што ги обезбедуваме. Целта е да ги приспособиме нашите интернет страница, услуги и понуди, а особено нашите е-пораки, според вашите потреби и интереси.

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Вашите лични податоци се обработуваат врз основа на согласноста која сте ја дале во известувањето за колачиња. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 12 (1) (1) од Законот.
- За да се користи Oracle Eloqua, потребно е да се поставаат колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 12 (1) (1) од Законот за известување за колачиња. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња**.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

**Пренос на вашите податоци во Северна Македонија и надвор од неа**

Во врска со користењето на Oracle Eloqua, личните податоци се пренесуваат во земји надвор од територијата на Северна Македонија и ЕЕО. За повеќе информации видете ги Деловите 8 и 9 од оваа Политика за приватност.

**Политика за приватност**

Овде можете да ја најдете Политиката за приватност на Google за обработка на лични податоци во врска со функцијата Oracle Eloqua: **https://www.oracle.com/rs/legal/privacy/**

**(в) Google Ads**

На нашата интернет страница ја користиме функцијата Google Ads. Функцијата Google Ads е обезбедена од Google, 1600 Amphitheatre Parkway, Mountain View, CA 94043, САД („Google“).

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со користењето на Google Ads:

- Вашата IP-адреса
- Податоците за вашиот уред
- Пребарувачот
- Оперативниот систем

**Цел**

Ја користиме функцијата Google Ads за да спроведеме рекламни кампањи врз основа на вашите пребарувања доколку веќе претходно сте ја посетиле нашата интернет страница. Услугите ни овозможуваат да ги комбинираме нашите реклами со одредени клучни зборови или, ако веќе сте ја посетиле нашата интернет страница, ни овозможуваат да ги рекламираме услугите што сте ги прегледале на нашата интернет страница. Може да прикажуваме реклами засновани на интересите на други интернет страници во рамките на пребарувачот на Google и Мрежата за прикажување (eng. Display Network) (како „Google Ad", како дел од пребарувачот на Google или на некои други партнерски интернет страници на Google).

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Вашите лични податоци се обработуваат врз основа на согласноста која сте ја дале во Центарот за посакувани опции за приватност. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (1) од Законот.
- За да се користи Google Ads, потребно е да се поставаат колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 10 став (1) алинеја (1) од Законот во Центарот за поставки за приватност. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња**.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

**Пренос на вашите податоци надвор од Северна Македонија**

Во врска со користењето на Google Ads, личните податоци се пренесуваат во земји надвор од територијата на Северна Македонија и ЕЕО. За повеќе информации видете ги Деловите 8 и 9 од оваа Политика за приватност.

**Политика за приватност**

Овде можете да ја најдете Политиката за приватност на Google за обработка на лични податоци во врска со функцијата Google Ads: **https://policies.google.com/privacy?hl=rs**

**(г) Рекламирање на Microsoft**

На нашата интернет страница користиме рекламирање на Microsoft (eng. Microsoft Advertising). Услугата за рекламирање на Microsoft е обезбедена од Microsoft Corporation, One Microsoft Way, Redmond, WA 98052-6399, САД („Microsoft“).

**Категории на лични податоци**

Следниве податоци се обработуваат во врска со користењето на рекламирање на Microsoft:

- Вашата IP-адреса
- Податоците за вашиот уред
- Пребарувачот
- Оперативниот систем

**Цел**

Ја користиме функцијата за рекламирање на Microsoft за да спроведеме рекламни кампањи врз основа на вашите пребарувања доколку веќе претходно сте ја посетиле нашата интернет страница. Услугите ни овозможуваат да ги комбинираме нашите реклами со одредени клучни зборови или, ако веќе сте ја посетиле нашата интернет страница, ни овозможуваат да ги рекламираме услугите што сте ги прегледале на нашата интернет страница. Ова ни овозможува да прикажуваме реклами засновани на интересите на други интернет страници во рамките на мрежата за пребарување на Microsoft.

**Правна основа**

Обработката на вашите лични податоци ја базираме на следниве правни основи:

- Вашите лични податоци се обработуваат врз основа на согласноста која сте ја дале во Центарот за посакувани опции за приватност. Ги обработуваме вашите лични податоци врз основа на член 10 став (1) алинеја (1) од Законот
- За да се користи рекламирање на Microsoft, потребно е да се поставаат колачиња. За таа цел, ќе ја побараме вашата согласност според член 10 став (1) алинеја (1) од Законот во Центарот за поставки за приватност. За повеќе информации за нашите колачиња, погледнете ја нашата **Политика за колачиња**.

**Период на чување**

Во принцип, вашите лични податоци ќе ги обработуваме само онолку колку што е потребно за да се постигнат овие цели. За повеќе информации за периодот на чување, видете го Делот 7 од оваа Политика за приватност.

**Пренос на вашите податоци надвор од Северна Македонија**

Во врска со користењето рекламирање на Microsoft, личните податоци се пренесуваат во земји надвор од територијата на Северна Македонија и ЕЕО. За повеќе информации видете ги Деловите 8 и 9 од оваа Политика за приватност.

**Политика за приватност**

Овде можете да ја најдете Политиката за приватност на Microsoft за обработка на лични податоци во врска со рекламирањето на Microsoft: https://about.ads.microsoft.com/en-us/policies/legal-privacy-and-security

## 6.4 СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИВАТНОСТА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА НАШИТЕ КАНАЛИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

### Добавувач

ANDREAS STIHL AG & Co. KG
Badstraße 115
D-71336 Vajblingen

Телефон: +49 7151 26 -0
е-пошта: info@stihl.de

Друштво со ограничена одговорност со седиште во Вајблинген, HRA 260269, Окружен суд во Штутгарт

Партнери со лична одговорност: Hans Peter Stihl и STIHL Aktiengesellschaft со седиште во Вајблинген, HRB 263772, Окружен суд во Штутгарт

Извршниот одбор на STIHL AG имаат право да го застапуваат:

Мајкл Трауб (Michael Traub), претседател на извршниот одбор
Ингрид Јегерин (Ingrid Jägerin), член на извршниот одбор за финансии
Анке Клајншмит (Anke Kleinschmit), член на извршниот одбор за истражување и развo
д-р. Мајкл Прочаска (Michael Prochaska), член на извршниот комитет за човечки

ресурси и правни работи
Мартин Шварц (Martin Schwarz), член на извршниот комитет за производство и материјали

Претседател на надзорниот одбор на STIHL AG: Д-р. Николас Штил (Nikolas Stihl)
Идентификациски број за ДДВ: DE 147330096

## Политика за приватност

Следниве информации за заштита на податоците ви даваат увид во видот и степенот на обработка на таканаречените лични податоци од страна на STIHL. Личните податоци се информации кои можат директно или индиректно да бидат поврзани со вас како поединец.

Со нашите канали на социјалните мрежи управува:

ANDREAS STIHL AG & Co. KG
Badstraße 115
D-71336 Vajblingen

Службеникот за заштита на податоци на STIHL може да го контактирате на горната адреса, за Одделот за заштита на податоци или на адресата за е-пошта: datenschutz@stihl.de.

Ќе ја ревидираме политиката за приватност во случај на промени на оваа интернет страница или во други ситуации поради кои тоа е неопходно. Тековната верзија секогаш може да ја најдете на оваа интернет страница. Затоа, треба редовно да ја посетувате за да се информирате за моменталниот статус на политиката за приватност.

## Facebook

Кога ќе ја посетите нашата фан-страница, информациите за вашиот профил, како и информациите за вашата посета ќе бидат обработени од Meta Platforms Ireland Ltd., 4 Grand Canal Square, Grand Canal Harbour, Даблин, Ирска („Facebook Ireland“). Во прашање е подружница на Meta Platforms Inc., 1601 S. California Ave, Palo Alto, CA 94304, САД. Компанијата Facebook Ireland е одговорна за работата на мрежата во ЕУ. Кога ќе ја посетите нашата фан-страница, вашите лични податоци ќе бидат обработени и од Facebook Ireland за сопствени потреби, а обемот на обработените податоци зависи од тоа дали имате сметка на Facebook или не, како и од тоа дали сте најавени или не; во секој случај, ќе се обработи најмалку вашата IP-адреса. Меѓутоа, ние не сме целосно транспарентни за тоа кои лични податоци ги обработува Facebook Ireland и за кои цели, затоа изречно напоменуваме дека го користите Facebook Ireland на ваш сопствен ризик. Сите дополнителни информации за колачињата што ги користиме, другите

технологии, целите на обработката, периодот на чување и вашите права можете да ги најдете во **Политиката за приватност** на Facebook Ireland.

Кога ќе ја посетите нашата фан-страница, особено ги обработуваме информациите за интеракциите на корисниците (на пр. лајкови и коментари), јавните информации за профилот, демографските и статистичките податоци, како и податоците што ни се пренесени во контекст на пораки и коментари.

Според Европскиот суд на правдата (ЕСП), заеднички ја сносиме одговорноста за обработката на вашите лични податоци како оператор на фан-страницата на Facebook Ireland. Заедничката одговорност особено се однесува на користењето на функцијата „Facebook Insights", поточно на собирањето, складирањето и понатамошната обработка на податоците од Insights. Компанијата Facebook Ireland е одговорна за собирање податоци, STIHL само добива анонимизирани процени на податоците од Insights. Компанијата STIHL е одговорна за работата на фан-страницата на Facebook. Нашата компанија не носи никакви одлуки за обработката на податоците од Insights.

Особен приоритет за Facebook е да ги користи вашите лични податоци за цели на маркетинг. Ја користиме статистичката функција за да дознаеме повеќе информации за посетителите на нашата фан-страница. Употребата на оваа функција ни овозможува да ја приспособиме нашата содржина според соодветната целна група. На овој начин ги користиме и демографските податоци за возраста и потеклото на корисникот, на пример, иако за нас овде не е можна никаква лична референца.

Договорните страни имаат склучено договор за заедничка одговорност (**https://www.facebook.com/legal/terms/page_controller_addendum**). За обработка на податоците од Insights, договорено е Facebook Ireland да ги заштити правата на субјектот на податоците и неопходните обврски за информации во согласност со членовите 13 и 14 од ОРЗП. И Facebook Ireland и STIHL можат да се повикаат на правата за заштита на податоци. Ќе ги проследиме сите барања на субјектите на податоци кои се однесуваат на обработката за која е одговорна компанијата Facebook Ireland. Може да поднесете приговор на Facebook **овде**.

Обработката на личните податоци на посетителите на нашата фан-страница на Facebook се врши врз основа на нашиот легитимен интерес во согласност со член 6 (1) (f) од ОРЗП. Нашиот легитимен интерес е да обезбедиме комуникација со нашите купувачи и да ги информираме за новостите поврзани со нашите производи.

Со одредени процеси, како што е кореспонденцијата со купувачот, управуваат компании во Групацијата STIHL. Поради оваа причина, податоците редовно се пренесуваат во овие компании. По правило, преносот се одвива врз основа на договор за обработка на нарачки. Во други случаи, на пример за анализа на збирни статистички податоци за целите на истражување на пазарот, член 6 (1) (f) од ОРЗП претставува правна основа за преносот, при што нашиот легитимен интерес е ефикасно осмислување на нашите процеси и понуди.

Во спротивно, податоците ќе бидат префрлени само ако е неопходно за да се исполнат горенаведените цели, на пример во контекст на управувањето со нашиот канал од соодветно ангажирана агенција.

Сакаме да наведеме дека податоците обработени при користење на социјални платформи и мрежи под одредени услови може да се обработуваат надвор од Европската економска област. Во овие случаи, гарантираме дека пред да дојде до пренос на вашите лични податоци, на локацијата на примачот е воспоставено соодветно ниво на заштита на податоците споредливо со стандардите на ЕУ. Тоа може да се оствари, на пример, преку договор според ЕУ стандарди или обврзувачки корпоративни правила или специјални конвенции до кои се придржува компанијата. До степен до кој пристапувате до страниците на Facebook и комуницирате со апликациите на Facebook, Meta Platforms Ireland Limited има пристап до вашите податоци. Исто така, можно е Meta Platforms, Inc., 1601 Willow Road, Menlo Park, California 94025, САД да има пристап до вашите информации. Meta Platforms, Inc. се наоѓа во трета земја. Меѓу нас и Meta Platforms Ireland Limited е склучен следниов договор: **https://www.facebook.com/legal/EU_data_transfer_addendum**.

За да се постигне соодветно ниво на заштита на податоците, Meta Platforms Inc. и Meta Platforms Ireland Limited, исто така, постигнаа договор за стандардните договорни клаузули на Европската комисија: **https://www.facebook.com/legal/EU_data_transfer_addendum**. Meta Platforms, Inc. („Meta“) исто така го потврди своето учество во ЕУ-САД – Рамката за приватност на податоци со Министерството за трговија на САД.

## Instagram

Кога ќе ја посетите платформата, информациите за вашиот профил, како и информациите за вашата посета, ќе ги обработи Meta Platforms Ireland Ltd., 4 Grand Canal Square, Grand Canal Harbour, Dublin, Ирска (во натамошниот текст „Facebook Ireland“). Оваа компанија е дел од американската матична компанија Meta Platforms Inc., 1601 Willow Road, Palo Alto, Menlo Park, CA 94025, САД. Facebook Ireland исто така ги обработува вашите лични податоци без разлика дали имате сметка на Instagram или не, дали сте најавени или не, а се обработува најмалку IP-адресата. Меѓутоа, ние не сме целосно транспарентни за тоа кои лични податоци ги обработува Facebook Ireland и за кои цели, затоа изречно напоменуваме дека го користите Facebook Ireland на ваш сопствен ризик. Сите дополнителни информации за колачињата што ги користиме, другите технологии, целите на обработката, периодот на чување и вашите права можете да ги најдете на **Политиката за приватност** на Instagram.

Ги обработуваме податоците на посетителите на нашиот профил, особено информациите за интеракциите на корисниците (на пр. лајкови и коментари), јавните информации за профилот, демографските и статистичките податоци, како и податоците што ни се пренесени во контекст на пораки и коментари. Може да поднесете приговор на обработката на податоци на Instagram **овде**.

Ја користиме статистичката функција за да дознаеме повеќе информации за посетителите на нашиот профил. Демографските и статистичките податоци во контекст на таканаречените „insight“ податоци ни помагаат да ги приспособиме нашите содржини според соодветната целна група. За нас, тоа се збирни податоци и не е можна лична референца.

Обработката на личните податоци на посетителите на нашата сметка на Instagram се врши врз основа на нашиот легитимен интерес во согласност со член 6 (1) (f) од ОРЗП. Нашиот легитимен интерес е да обезбедиме комуникација со нашите купувачи и да ги информираме за новостите поврзани со нашите производи.

Со одредени процеси, како што е кореспонденцијата со купувачот, управуваат компании во Групацијата STIHL. Поради оваа причина, податоците редовно се пренесуваат во овие компании. По правило, преносот се одвива врз основа на договор за обработка на нарачки. Во други случаи, на пример за анализа на збирни статистички податоци за целите на истражување на пазарот, член 6 (1) (f) од ОРЗП претставува правна основа за преносот, при што нашиот легитимен интерес е ефикасно осмислување на нашите процеси и понуди.

Во спротивно, податоците ќе бидат префрлени само ако е неопходно за да се исполнат горенаведените цели, на пример во контекст на управувањето со нашиот канал од соодветно ангажирана агенција.

Сакаме да наведеме дека податоците обработени при користење на социјални платформи и мрежи под одредени услови може да се обработуваат надвор од Европската економска област. Во овие случаи, гарантираме дека пред да дојде до пренос на вашите лични податоци, на локацијата на примачот е воспоставено соодветно ниво на заштита на податоците споредливо со стандардите на ЕУ. Тоа може да се оствари, на пример, преку договор според ЕУ стандарди или обврзувачки корпоративни правила или специјални конвенции до кои се придржува компанијата. До степен до кој пристапувате до страниците на Facebook и комуницирате со апликациите на Facebook, Meta Platforms Ireland Limited има пристап до вашите податоци. Исто така, можно е Meta Platforms, Inc., 1601 Willow Road, Menlo Park, California 94025, САД да има пристап до вашите информации. Meta Platforms, Inc. се наоѓа во трета држава. Meta Platforms Ireland Limited и нашата компанија склучија договор за приклучокот за Facebook за да се олесни преносот на европските податоци: https://www.facebook.com/legal/EU_data_transfer_addendum.

За да се постигне соодветно ниво на заштита на податоците, Meta Platforms Inc. и Meta Platforms Ireland Limited, исто така, постигнаа договор за стандардните договорни клаузули на Европската комисија. Meta Platforms, Inc. („Meta“) исто така го потврди своето учество во ЕУ-САД – Рамката за приватност на податоци со Министерството за трговија на САД. Оваа сертификација се однесува на обработката на лични податоци.

## LinkedIn

Кога ќе ја посетите платформата, информациите за вашиот профил, како и информациите за вашата посета ќе ги обработи LinkedIn Ireland Unlimited Company, Wilton Place, Dublin 2, Ирска (во натамошниот текст „LinkedIn“). Во оваа прилика, вашите лични податоци ќе бидат обработени, без разлика на тоа дали имате сметка на LinkedIn или не, и дали сте најавени или не. Меѓутоа, ние не сме целосно транспарентни за тоа кои лични податоци ги обработува LinkedIn и за кои цели, затоа изречно напоменуваме дека ја користите платформата LinkedIn на ваш сопствен ризик. Сите дополнителни информации за колачињата што ги користиме, другите технологии, целите на обработката, периодот на чување и вашите права можете да ги најдете на **Политиката за приватност** на LinkedIn.

Ги обработуваме податоците на посетителите на нашиот профил, особено информациите за интеракциите на корисниците (на пр. лајкови, реакции, споделувања и коментари), јавните информации за профилот (на пр. работната позиција, работодавачот), статистичките податоци, како и податоците што ни се пренесени во контекст на пораки и коментари.

Особен приоритет за LinkedIn е да ги користи вашите лични податоци за цели на маркетинг. Ја користиме статистичката функција само за да собереме информации за нашиот профил и за тоа како корисниците комуницираат со него. На пример, овие податоци ни даваат информации за посетите на нашиот профил, демографски информации за следбениците и посетителите или, пак, информации за перформансите на ажурирањата. Меѓутоа, за нас, сите овие податоци се чисто статистички, не може да се дадат на поединци.

Обработката на личните податоци на посетителите на нашиот профил на LinkedIn се врши врз основа на нашиот легитимен интерес во согласност со член 6 (1) (f) од ОРЗП. Наш легитимен интерес е да овозможиме комуникација со нашите купувачи, да ја претставиме нашата компанија како работодавач и да известиме за новостите од нашата компанија.

Може да поднесете приговор на обработката на податоци на LinkedIn **овде**.

STIHL сноси заедничка одговорност со операторот на платформата за податоците коишто ги давате како корисник на платформата и има склучено соодветен договор со неа: https://legal.linkedin.com/pages-joint-controller-addendum.

Со одредени процеси, како што е кореспонденцијата со купувачот, управуваат компании во Групацијата STIHL. Поради оваа причина, податоците редовно се пренесуваат во овие компании. По правило, преносот се одвива врз основа на договор за обработка на нарачки. Во други случаи, на пример за анализа на збирни статистички податоци за целите на истражување на пазарот, член 6 (1) (f) од ОРЗП претставува правна основа за преносот, при што нашиот легитимен интерес е ефикасно осмислување на нашите процеси и понуди.

Во спротивно, податоците ќе бидат префрлени само ако е неопходно за да се исполнат горенаведените цели, на пример во контекст на управувањето со нашиот канал од соодветно ангажирана агенција.

Сакаме да наведеме дека податоците обработени при користење на социјални платформи и мрежи под одредени услови може да се обработуваат надвор од Европската економска област. Во овие случаи, гарантираме дека пред да дојде до пренос на вашите лични податоци, на локацијата на примачот е воспоставено соодветно ниво на заштита на податоците споредливо со стандардите на ЕУ. Тоа може да се оствари, на пример, преку договор според ЕУ стандарди или обврзувачки корпоративни правила или специјални конвенции до кои се придржува компанијата. Според LinkedIn, податоците се споделуваат во контекст на архивирање на комуникациите со трети страни заради давање услуги, компании поврзани со LinkedIn, корпоративни трансакции, за правно откривање, при што повеќе информации може да најдете на **https://de.linkedin.com/legal/privacy-policy?#share**. До степен до кој податоците се обработуваат надвор од ЕУ во небезбедни трети земји, се користат сегашните стандардни договорни клаузули на LinkedIn на Европската комисија, видете и **https://www.linkedin.com/help/linkedin/answer/a1343190?trk=microsites-frontend_legal_privacy-policy&lang=en-us&intendedLocale=en**. За повеќе информации за Рамката за приватност на податоците, видете **https://www.linkedin.com/help/linkedin/answer/a1343190?trk=microsites-frontend_legal_privacy-policy&lang=en-us&intendedLocale=en**.

## YouTube

Кога ќе ја посетите платформата, информациите за вашиот профил, како и информациите за вашата посета ќе ги обработи Google Ireland Ltd, Gordon House, Barrow Street, Dablin 4,  Ирска (во натамошниот текст „Google“). Станува збор з подружница на американската компанија Google Inc., 1600 Amphitheatre Parkway in Mountain View, Калифорнија 94043, САД.  Податоците се обработуваат и доколку немате сметка на Google или не сте најавени на истата, а се обработува најмалку IP-адресата. Меѓутоа, ние не сме целосно транспарентни за тоа кои лични податоци ги обработува YouTube и за кои цели, затоа изрично напоменуваме дека ја користите платформата YouTube на ваш сопствен ризик. Сите дополнителни информации за колачињата што ги користиме, другите технологии, целите на обработката, периодот на чување и вашите права можете да ги најдете на **Политиката за приватност** на Google.

Ги обработуваме податоците на посетителите на нашата сметка, особено информациите за интеракциите на корисниците (на пр. лајкови и коментари), корисничкото име, како и демографските и статистичките податоци.

Особен приоритет за Google е да ги користи вашите лични податоци за цели на маркетинг. Ја користиме статистичката функција за да дознаеме повеќе информации за нашите гледачи. Добиваме увид во перформансите на нашите видео записи, како и во демографските податоци за нашите гледачи. За нас, тоа се чисто статистички податоци и не е можна лична референца.

Обработката на личните податоци на посетителите на нашата сметка на YouTube се врши врз основа на нашиот легитимен интерес во согласност со член 6 (1) (f) од ОРЗП. Нашиот легитимен интерес е да овозможиме комуникација со нашите

купувачи, да ја претставиме нашата компанија на надворешниот свет и да го промовираме нашиот асортиман производи.

Може да поднесете приговор на обработката на податоци на Google **овде**.

Со одредени процеси, како што е кореспонденцијата со купувачот, управуваат компании во Групацијата STIHL. Поради оваа причина, податоците редовно се пренесуваат во овие компании. По правило, преносот се одвива врз основа на договор за обработка на нарачки. Во други случаи, на пример за анализа на збирни статистички податоци за целите на истражување на пазарот, член 6 (1) (f) од ОРЗП претставува правна основа за преносот, при што нашиот легитимен интерес е ефикасно осмислување на нашите процеси и понуди.

Во спротивно, податоците ќе бидат префрлени само ако е неопходно за да се исполнат горенаведените цели, на пример во контекст на управувањето со нашиот канал од соодветно ангажирана агенција.

Сакаме да наведеме дека податоците обработени при користење на социјални платформи и мрежи под одредени услови може да се обработуваат надвор од Европската економска област. Во овие случаи, гарантираме дека пред да дојде до пренос на вашите лични податоци, на локацијата на примачот е воспоставено соодветно ниво на заштита на податоците споредливо со стандардите на ЕУ. Тоа може да се оствари, на пример, преку договор според ЕУ стандарди или обврзувачки корпоративни правила или специјални конвенции до кои се придржува компанијата.

# ВАШИТЕ ПРАВА

Покрај правото да ја отповикате согласноста што сте ни ја дале, ги имате следниве дополнителни права доколку се исполнети соодветните законски барања во врска со вашите лични податоци, до степен до кој тие се обработени од STIHL:

- **Право на информирање (право на пристап)** за вашите лични податоци што ги чуваме во согласност со член 15 од ОРЗП и член 19 од Законот;
- **Право на исправка** на неточните податоци или на дополнување на точните податоци во согласност со член 16 од ОРЗП и член 20 од Законот,
- **Право на бришење („право да се биде заборавен“)** на вашите податоци што ги чуваме во согласност со член 17 од ОРЗП и член 21 од Законот, до степен до кој не мора да се почитуваат какви било законски или договорни периоди на задржување или други законски обврски или права за дополнително складирање,
- **Право на ограничување** на обработката на податоците во согласност со член 18 од ОРЗП и член 22 од Законот,
- **Право на преносливост** на податоците во согласност со член 20 од ОРЗП и член 24 од Законот,

- **Право на поднесување жалба** кај надлежниот орган.

***Според условите од член 21 (1) од ОРЗП и член 25 од Законот, може да се поднесе приговор на обработката на податоците којшто се темели на конкретната ситуација на субјектот на податоците.***

Претходно наведеното **општо право на приговор** се однесува на сите цели на обработка опишани во оваа изјава за заштита на податоците, кои се обработуваат врз основа на член 6 (1) (f) од ОРЗП, односно член 10 став (1) алинеја (6) од Законот, или за цели на директен маркетинг.

## 7 ПЕРИОД НА ЧУВАЊЕ

Ќе ги чуваме вашите податоци само онолку долго колку што е потребно за да ги оствариме претходно наведените цели на обработката, на пр. да ги обезбедиме нашите услуги, особено нашата интернет страница, односно да ги исполниме нашите обврски (на пр. од дадената гаранција) или додека имаме легитимен интерес да ги чуваме вашите податоци. Периодот на чување на вашите лични податоци зависи првенствено од категоријата на лични податоци што се обработуваат и целта на обработката. За чување на вашите податоци се зема предвид и вашата согласност за нивно чување.

Ние, исто така, ги почитуваме законските периоди на задржување, кои може да нè обврзат да ги чуваме вашите податоци одреден временски период. Затоа, вашите податоци ќе се чуваат доколку тоа го бараат важечките прописи, закони или други одредби кои сме обврзани да ги почитуваме. Соодветните барања посебно се наоѓаат и во комерцијалното и во даночното законодавство или произлегуваат од редовните законски рокови за застареност.

Во случај на правен спор, личните податоци кои ни се потребни за наша правна одбрана ќе ги чуваме до конечното завршување на постапката.

За дополнителни информации за периодот на задржување, контактирајте нè користејќи ги деталите за контакт наведени во Дел 1 од оваа Политика за приватност.

## 8 КОЈ ГИ ПРИМА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

### 8.1 ПРИМАЧИ ВО РАМКИ НА ГРУПАЦИЈАТА STIHL

Во одредени ситуации, ги споделуваме вашите лични податоци со други компании од Групацијата STIHL. Овие STIHL компании редовно вршат обработки во наше име. Обработката на вашите лични податоци може да се врши и на таков начин, единствен контролор да биде онаа STIHL компанија којашто ги прима

вашите податоци или, пак, таа компанија може да биде заеднички контролор со нас.

Доколку ги споделиме вашите лични податоци со други контролори, во принцип тоа ќе го сториме само ако е неопходно за извршување на договорот склучен со вас, ако ние или трета страна имаме легитимен интерес за тоа, или ако сте дале согласност за тоа.

Обработката на вашите лични податоци од друга STIHL компанија во наше име се врши врз основа на договор за обработка на податоци во име на контролорот во смисла на Законот и ОРЗП.

Во случај на заеднички контролори, ќе склучиме договор за заеднички контролори со кои ќе ја регулираме обработката. Овој договор ќе ги регулира, меѓу другото, обврските на заедничките контролори во однос на усогласеноста со барањата на Законот и ОРЗП. Со задоволство ќе ги споделиме со вас основните елементи на овој договор, по ваше барање. За таа цел, контактирајте нè користејќи ги деталите за контакт дадени во Дел 1 од оваа Политика за приватност.

## 8.2 ПРИМАЧИ НАДВОР ОД ГРУПАЦИЈАТА STIHL (ТРЕТИ СТРАНИ)

Покрај примачите во рамки на Групацијата STIHL, ги споделуваме вашите лични податоци со трети страни, во врска со поединечни дејствија за обработка и во согласност со барањата за заштита на личните податоци. Овие трети страни вклучуваат даватели на услуги коишто ги обработуваат вашите лични податоци во наше име, како и даватели на услуги кои ни обезбедуваат услуги поврзани со обработката на вашите лични податоци. Обработката на вашите лични податоци може да се врши и на таков начин што третите страни што ги добиваат вашите податоци ќе бидат единствени контролори или на начин на којшто тие ќе бидат заеднички контролори со нас.

Доколку ги споделиме вашите лични податоци со други контролори, во принцип тоа ќе го сториме само ако тоа е неопходно за извршување на договорот склучен со вас, ако ние или трета страна имаме легитимен интерес за тоа, или ако сте дале согласност за тоа.

Во врска со обработката на вашите лични податоци, ги користиме следниве категории на даватели на услуги:

- Даватели на ИТ услуги (даватели на услуги за хостирање податоци)
- Поддршка (корисничка поддршка)
- Адвокати, сметководители и даночни советници
- Даватели на апликации за рекламирање или апликации за подобрување на корисничкото искуство

Исто така, ќе ги проследиме вашите податоци до властите и судовите во случаи кога имаме обврска да го сториме тоа според Законот, ОРЗП или според законите на земјите членки на ЕУ.

Третите страни ги обработуваат вашите лични во наше име, и тоа врз основа на договор за обработка на податоци во име на контролорот, во смисла на Законот и ОЗРП.

Во случај на заеднички контролори, ќе склучиме договор за заеднички контролори со кои ќе ја регулираме обработката. Со задоволство ќе ги споделиме со вас основните елементи на овој договор, по ваше барање. За таа цел, контактирајте нѐ користејќи ги деталите за контакт дадени во Дел 1 од оваа Политика за приватност.

## 9 ПРЕНОС НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ НАДВОР ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Без разлика на тоа каде се обработуваат вашите лични податоци, наш главен приоритет е секогаш да обезбедиме ниво на заштита загарантирано со Законот и со ОРЗП.

Во случаи кога пренесуваме лични податоци на приматели надвор од територијата на Северна Македонија, постапуваме во согласност со барањата од Поглавје V од Законот и ОРЗП. Во случаи кога соработуваме со трети страни или користиме даватели на услуги кои би можеле да ги пренесат вашите лични податоци во земји надвор од територијата на Северна Македонија, ќе ги обврземе тие трети страни или даватели на услуги да се придржуваат до барањата од Поглавје V од Законот.

Имајте предвид дека не сите земји надвор од територијата на Северна Македонија го обезбедуваат нивото на заштита на податоци коешто Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија („**АЗЛП**“) го утврдува дека е соодветно (т.н. „одлука за соодветност “).АЗЛП се уште нема донесено таква одлука за соодветност на датумот на последното ажурирање на оваа Политика за приватност.

Онаму каде што не е донесена одлука за соодветност, се трудиме да ги исполниме сите релевантнни услови и да ги преземеме сите неопходни мерки за да обезбедиме соодветни гаранции во врска со обработката на вашите лични податоци и да осигуриме соодветно ниво на заштита, вклучувајќи, на пример, склучување на стандардните договорни клаузули кои ги усвоила АЗЛП. Доколку е потребно, покрај склучувањето стандардни договорни клаузули, ќе преземеме дополнителни мерки за заштита на вашите лични податоци.

Секогаш можете да побарате преглед на примателите во земји надвор од територијата на Северна Македонија, како и информации за мерките што сме ги

презеле за да обезбедиме ниво на заштита во согласност со Законот и со ОРЗП преку деталите за контакт наведени во Дел 1 од оваа Политика за приватност.

# 10 ВАШИТЕ ПРАВА И ОСТВАРУВАЊЕ НА ВАШИТЕ ПРАВА

Ако сакате да ги остварите своите права наведени во продолжение, можете во секое време да нè контактирате неформално преку средствата за комуникација наведени во оваа Политика за приватност. Можете да нè контактирате нас, како и нашиот службеник за заштита на лични податоци, преку е-пошта и други средства за комуникација користејќи ги деталите за контакт дадени во Дел 1 од оваа Политика за приватност.

## 10.1 ПРАВО НА ПРИСТАП

Имате право да добивате информации за тоа дали се обработуваат личните податоци коишто се однесуваат на вас. Доколку обработуваме лични податоци коишто се однесуваат на вас, имате право на пристап до личните податоци и до одредени информации пропишани со закон. За повеќе детали за вашето право на пристап, видете го член 19 од Законот.

## 10.2 ПРАВО НА ИСПРАВКА

Имате право на исправка на неточните лични податоци кои се однесуваат на вас, без непотребно одложување. Во зависност од целта на обработката, имате право на надополнување на нецелосните лични податоци. За повеќе детали за вашето право на исправка, видете го член 20 од Законот.

Секогаш се стремиме да осигуриме точност на вашите лични информации. Во овој поглед, треба да нè известите за какви било промени на вашите податоци (како што е промена на адресата) без непотребно одложување, за да се осигуриме дека вашите лични податоци се ажурирани.

## 10.3 ПРАВО НА БРИШЕЊЕ

Доколку се исполнети законските барања, имате право да ги избришете своите лични податоци без непотребно одложување. Ова е посебно случај кога:

- вашите лични податоци повеќе не се неопходни за да се оствари целта за која се собрани или на друг начин обработени;
- обработката на вашите лични податоци се заснова врз согласност, а вие сте ја отповикале таа согласност, при што нема друга основа за обработка;
- поднесувате приговор за обработката на вашите лични податоци од причини поврзани со посебната ситуација во која се наоѓате, а не постои пресудна основа за обработка на вашите лични податоци;

- вашите лични податоци се пренесени на трети лица, а ние имаме обврска да ги избришеме, тогаш ќе ги известиме тие трети страни за обврската за бришење, доколку тоа го бара законот.

Имајте предвид дека вашето право на бришење е предмет на ограничувања. На пример, ние не сме овластени да бришеме лични податоци за кои имаме законска обврска да ги чуваме. Не можете да го остварите правото на бришење ни во однос на податоците што ни се потребни за поднесување, остварување или одбрана на правните барања. За повеќе детали за вашето право на бришење, видете го член 21 од Законот.

## 10.4 ПРАВО НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБРАБОТКАТА

Доколку се исполнети законските барања, имате право на ограничување на обработката на вашите лични податоци. Ова е посебно случај кога:

- ја оспорувате точноста на вашите лични податоци. Обработката на вашите податоци ќе биде ограничена во период кој ни овозможува да ја провериме точноста на вашите лични податоци;
- обработката на вашите лични податоци е незаконска и, наместо бришење, барате ограничување на користењето на вашите лични податоци;
- повеќе не ни требаат вашите лични податоци за да ја постигнеме целта на обработката, но вам ви се потребни за поднесување, остварување или одбрана на некое правно барање;
- сте поднеле приговор за обработката на вашите лични податоци од причини поврзани со посебната ситуација во која се наоѓате, а во тек е процена на тоа дали нашиот легитимен интерес за обработка ги надминува вашите интереси.

За повеќе детали за вашето право на ограничување на обработката, видете го член 22 од Законот.

## 10.5 ПРАВО НА ПРЕНОСЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ

Имате право да ги добиете личните податоци што сте ни ги дале, а коишто ги обработуваме заради извршување на договорот, врз основа на ваша согласност или автоматски, во структурирана, вообичаено користена и електронски читлива форма. Исто така, имате право, доколку се исполнети горенаведените услови, да побарате да ги проследиме тие податоци директно до третата страна, онаму каде што тоа е технички изводливо. За повеќе детали за вашето право на преносливост на податоци, видете го член 24 од Законот.

## 10.6 ОТПОВИКУВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТА

Доколку сте се согласиле на обработка на вашите лични податоци, можете во секое време да ја отповикате вашата согласност за понатамошна обработка.

Отповикувањето на согласноста не влијае врз законитоста на обработката што била извршена врз основа на согласност пред отповикувањето.

### 10.7 ПРАВО НА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРИГОВОР ДО НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Доколку сметате дека обработката на вашите лични податоци е во спротивност на важечките закони за заштита на лични податоци, имате право да поднесете жалба до надлежниот орган за заштита на лични податоци, конкретно до надлежниот орган за заштита на лични податоци за вашето вообичаено место на живеење, на работното место или на местото за наводни прекршувања на законот. Во Северна Македонија, тоа е Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија (**https://azlp.mk/**).

### 10.8 ПРАВО НА ПРИГОВОР НА ОБРАБОТКАТА

**Право на приговор на обработката на вашите лични податоци во случаи кога основата на обработката е легитимен интерес**

**Во случаи кога обработуваме податоци врз основа на легитимен интерес, можете да се спротивставите на обработката во секое време, поради причини кои се поврзани со вашата конкретна ситуација. Тогаш, повеќе нема да ги обработуваме вашите лични податоци, освен ако можеме да покажеме убедливи легитимни причини за обработка кои ги надминуваат вашите интереси, права и слободи, или ако обработката е неопходна за поднесување, остварување или одбрана на правни барања. Претпоставуваме дека кога обработката се заснова на легитимен интерес, генерално ќе можеме да презентираме такви убедливи легитимни причини, но секој приговор ќе го разгледаме и оцениме поединечно.**

За повеќе детали за вашето право на приговор, видете го член 25 од Законот.

## 11 ИЗМЕНИ НА ОВАА ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

Во оваа Политика за приватност, секогаш ви обезбедуваме ажурирани, целосни и, во принцип, конечни информации за обработката на вашите лични податоци во врска со нашата интернет страница. За тоа е потребно редовно ажурирање на оваа Политика за приватност. Затоа, препорачуваме редовно да ја проверувате.